## РИМ: НАСОКИ

### Ватикан

На крајот од меандрите е
а август е на почеток
со високи насипи наоколу
одделувајќи го
светото (или световното)
од светот
бидејќи
оној што гледа тајно
ќе ти возврати на јаве

### Свети Петар

Бидејќи Создавањето на Адам
е продолжение на Пиета
или обратно
(зависи од каде се гледа)
Таткото којшто создава
и мајката којашто ја оплакува
првата невина љубов
кон невозможниот сакан
што повредува
Лицето никогаш подетинесто
не ѝ било
раката понепоколеблива

нејзината форма до лактите
заедно со жиличките на каменот
се слеваат во еден колаж

**Светите скали**

на животот и смртта
како концерт само за виолина
и оркестар
Чувствуваш како редовите се тресат
како скалилата чкрипат под колената
или ветрот врз лисјата
под лошо заштрафените тркала

**Свети Климент**

Дури да застанеш лице в лице со Него
со златниот ореол против темниот
како двете половини на Земјата

**Свети Јован во латеран**

Со духот што го излева потопот
наводнувајќи го крстот
од кај што извираат четири реки
водопој за елените



**Света Пракседа**

Со рибите во водата
со рибите на небото
(бранчиња
коишто мрешкаат)
и татковата рака наместо гулаб
над крстот

**Свети Павле**

Бидејќи ништо друго нема значење
освен неговата непопустлива дланка
против твојата колеблива
или неговиот олтар –
2/3 од на половина
пресечено јајце

**Приземјување. Катакомби**

Младенецот со раката врз нејзините гради
со шајки во форма на операциона игла
дрвото од крстот како тапа од плута
во реката со детски раст
и стапала со рамен табан

**Добриот пастир**
...

## PAIN IS SO CLOSE TO PLEASURE

Прашањето за љубовта и болката
има не помалку заедничко со физиката
отколку со учењето на Лао Це
На пример
споените садови не се едноставно споени
туку и се прелеваат еден во друг
И многу значајно е кој стои на повисоко
каде е саксијата со цвеќето каде е кофата со вода
при услов кога долго ќе те нема
И дека прашањето за љубовта и болката
има не помалку заедничко со Фреди Меркјури
отколку со христијанството



## TRADESCANTIA, лист

Среброто е илјада густи меурчиња
вода пенлива бистра блескава
а од обратната страна
прелеана е со вино
среде светлината на градото
Пирамида на надежта
Аврора[1]

1. Најголемата колекција на дијаманти во светот – 296, со најширок спектар на бои, изградена во форма на пирамида. Сопственост е на компанијата Aurora Gems. Inc. Од 2005 година изложена е во Британскиот музеј во Лондон.

## СМРТТА

Едно каснување

Потоа како да си останал

Без прст



## ГАБРИЕЛ

Не капка в облак

а облак в капка

која отсекува три врва

на дијамантот

мал бел облак

откако те видов за првпат

или човекот во бело

те донесе

токму оној во чадорчето

на ипомеата[2]

јас ја снимам снимам

распрснатата ѕвезда

---

2. Вид цвеќе, кај нас познато под името чадорче.